**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО**
**АхДИОВИЗУЕЛНИ И**
**МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**ул. Македонија бр. 38**
**1000 Скопје**

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено/Pranuar: 12.06.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 41 | | |

Во акта - Ах. знак 0309
Рок на чување 2 год
____20___г. Скопје
Потпис

[redacted]

# ПРЕТСТАВКА

Почитувани,

На ден 29/05/2019г од страна на порталот ОХРИД 24 беше објавена вест со фотографија „ Кога си директорка на паркинзите во Охрид ,може да паркираш и на место за инвалидизираии лица“ при што е објавено возило без притоа да бидат скриени или на каков било друг начин заштитени регистарските ознаки со што меие и на моето семејство ми се причинува штета на угледот кој го уживаме и воопшто со таквото постапување на порталот се кршат неколку закоии.

Имено согласно закоиот за заштита на личии податоци не смеат да бидат обелоденети регистарските ознаки на возило, без притоа да се провери чија сопствеиост претставува истото, на кое место е паркирано и сличио, па дури и да бидат проверени таквите наводи повторио не смее да бидат објавени истите бидејќи со таквиот чин се врши повреда на законот и иормите и воедно се упатува на одредени неправилности или како и да ги наречеме постапки кои се спротивни на сите закони . Имено прекршени се член 1 од законот за заштита на лични податоци , члеи 3 од истиот закон , член 8 од истиот закон кој упатува на изречна согласиост за употреба на личните податоци со кои ме идентификувале мене како директорка на претпријатие кое раководи со јавните паркинзи.

Понатака прекршени се правилата согласно чл. 10 од законот за заштита на личии податоци.

Најпрво се работи за чисти паушални наводи , понатака возилото кое е фотографирано не е возило во моја сопственост па оттука и нелогично е да се објавуваат наводи и факти кои не се истражени и кои се во спротивно со законот за аудио, аудиовизуелни и медиумски услуги.

Имено со објавената вест ниту некој имал корист, ниту била некаква ексклузивна вест, ниту пак е наведено на кое место е фотографирано возилото кое повторно напоменувам дека не е во моја сопственост и дека еден медиум не би требало да објавува вести за кои нема доволно докази бидејќи најпрво истражувачкото новинарство не дава можност да се тврди и објавува нешто со паушални информации и недокажани работи, притоа не водејќи грижа за тоа дали веста која ќе ја објави ќе му предизвика штета некому па каква и да е истата.

Под секаква одговорност тврдам дека ниту давам лош пример некому ниту пак вршам дејствија спротивно на законот и прописите, вклучително и моралните норми. Оттука ваквите вести кои се објавуваат тенденциозно, се со цел да ми нанесат штета се недозволиви, па се обраќам кон вас како кон единствен орган кој ја контролира работата на медиумите дали биле тие електронски или не па воедно барам од вас да постапите и да порталот наведен погоре биде соодветно санкциониран за работењето спротивно на сите закони во државава.

Воедно ве повикувам да пристапите и кон известување на дирекцијата за заштита на лични податоци околу ваквото објавување на вести од страна на порталот Охрид24 без никаква контрола и своеволно пишување и објавување вести.

Имајќи во предвид дека се работи за вест која е јавно објавена, а притоа нема никаква потреба од истата ниту пак има некаква цел објавувањето на таквата вест каде има паркирано возило на место за кое не се знае каде е, односно нема локација, не се знае кој го паркирал возилото на наведеното место и не се знае чија е сопственоста врз истото останува нејасно зошто да се објави, односно која е потребата од објавување на таквата вест.

Со оглед на фактот дека од ваквата вест се чувствувам навредена Ве

известувам да преземете понатамошни мерки за да се спречи понатамошно своеволно изнесување на фотографии и наводи, одиосно написи кои никому не одат во корист, туку само имаат тенденција на намерно етикетирање и постапување против некого само да му се нанесе штета од каков било вид.

Таквото постапување не е дозволено и молам да бидат преземени соодветни мерки за санкционирање на истото.

Во Охрид 07/06/2019 Подносител: